Број 101 — Февруари 2021

# S-WORK





# Револуционерна пресуда во полза на сексуалните работнички

Највисокиот швајцарски суд донесе пресуда со која утврди измама на клиент кој не и платил на сексуална работничка за услугата. Пресудата е поздравена како значајна промена во судската пракса за сексуалните работници, кои преку овој случај се здобија со заштита во рамките на системот на кривична правда.

Човекот преку Интернет се договорил со сексуална работничка дека ќе и исплати 2,000 швајцарски франци (2,219 УСД) за секс и договорил средба во хотелска соба во 2016 година.

Сексуалната работничка побарала да биде исплатена однапред, но по неговото убедување дека ќе и плати подоцна, прифатила да имаат сексуален однос, по чие завршување мажот си заминал без да и плати.

Тој бил осуден за измама, но поднел жалба до Федералниот суд, откако пониският суд ја одбил неговата жалба. Во својата жалба навел дека „неморалната природа“ на проституцијата го оправдува кривичното дело. Но, Сојузниот управен суд во Сент Гален потврдил условна казна од 50 дена и парична казна од 300 швајцарски франци (333 американски долари).

Ребека Анџелини, една од директорите на мрежата *ProCore*, која ги брани правата на сексуалните работнички, ја поздрави одлуката како „револуционерна“. „Досега, ако клиентот не сакаше да плати, сексуалните работници не можеа да тужат затоа што правосудниот систем сметаше дека договорите меѓу нив и клиентите се неморални и затоа се неважечки“, објасни таа во петокот на националната швајцарска телевизија.

Во Швајцарија, проституцијата е легална од 1942 година. Кога истата се случува доброволно, се смета за форма на независна економска активност.

Сепак, платите на сексуалните работници не се законски заштитени, иако тие мора да плаќаат придонеси за данок и социјално осигурување, треба да ги поседуваат сите потребни документи, да имаат дозволи за работа или престој и да го пријават своето занимање пред кантонските власти.



# Сексуална работничка открива како е да се работи на Денот на вљубените

Роксана Прајс е сексуална работничка од Sheri's Ranch, легален бордел во близина на Лас Вегас, Невада.

Нејзина специјалност е придружување на клиентите во својство на партнерка/девојка. Роксана тврди дека неделата на Денот на вљубените е емотивен период за некои од нејзините клиенти.

25-годишно момче еднаш ми рече: „Денот на вљубените е ден кога обичните жени се третираат како проститутки, а проститутките се третираат како психотерапевти" – вели Роксана.

„Додека многу жени прифаќаат раскошни подароци за Денот на вљубените, осамени мажи ме посетуваат за да се справат со стигмата бидејќи се без партнерка на празникот. Овој ден ги слави романтичните врски. Како последица на тоа, оние кои не се во врска се чувствуваат осамено и изолирано" – продолжува таа.

Оваа сексуалната работничка тврди дека мажите го посетуваат борделот на 14-ти февруари за да ги ослободат своите емоции и да се стопат во „прегратките на убава непозната жена".

„Мажите не ме посетуваат само за да им се препуштат на своите сексуални фантазии, тие исто така ме ангажираат кога им е потребна личност на која ќе и се доверат без да бидат осудувани“.

„Денот на вљубените може да биде тежок момент за чувствителните луѓе. Тогаш им ја давам целата моја поддршка на клиентите. Исто како што некое лице би ангажирало лекар за да оздрави од грип, така и моите клиенти ми плаќаат за емотивно да го „преживеат“ овој ден.

Роксана истакнува дека не е голем љубител на овој ден.

„И покрај тоа што сум тајно благодарна за комерцијализацијата на сексот, мислам дека обидот да се создаде индустрија околу љубовта ја прави евтина највредната емоција која ја имаме како човечки суштества“.







# Ковид 19 придонесе луѓето да гледаат повеќе порно од вообичаеното

Низ целиот свет, пандемијата на коронавирусот влијае на скоро сите аспекти од секојдневниот живот. Патувањето е ограничено, невработеноста е зголемена, а малите бизниси се борат да опстанат.

Но, не сите бизниси доживуваат пад. Најголемата веб-страница за порнографија во светот, Pornhub, објави исклучително зголемување на интернет сообраќајот. На пример, забележан е скок од 18% над нормалните прегледи откако сајтот ја направи својата премиум содржина бесплатна за 30 дена за луѓето кои остануваат дома и често си ги мијат рацете. Во многу региони, овие скокови во користењето на порно страниците се случија веднаш по спроведувањето на мерките за социјално дистанцирање.

## Зошто луѓето гледаат повеќе порнографија?

Логичниот одговор е дека поради мерките за социјално дистанцирање, затворањето на ноќните клубови, ресторантите и други места каде луѓето се запознаваат едни со други, шансите да запознаат потенцијални сексуални партнери се многу намалени. Дополнително, дури и оние кои имаат партнери се плашат да се состануваат за сексуални средби поради стравот од можно пренесување или инфицирање со коронавирусот.

Сепак, ова не е единствената причина за зголемување на времето поминато пред екраните гледајќи порно. Многу научни студии од психологијата покажуваат дека луѓето често пати се свртуваат кон порнографија кога се чувствуваат лошо, бидејќи порнографијата (и мастурбацијата) веројатно нудат привремено ослободување од негативните чувства. Исто така, порното им го одвлекува вниманието на луѓето од досадата и стресот од тековните настани.

Ширењето на коронавирусот и мерките за социјално дистанцирање кои треба да помогнат за спречување на неговото ширење доведоа до зголемување на социјалната изолација, осаменост и стрес, така што зголеменото конзумирање порнографија дефинитивно има смисла.

Иако човештвото преживеало безброј пандемии низ вековите, сегашната е прва што се случува во дигитална ера. Коронавирусот колку да го наруши нашето секојдневие, можностите за забава и уживање сепак остануваат поголеми отколку во било кое време низ историјата.

Кога ќе бидат укинати мерките за социјално дистанцирање и на луѓето повторно ќе им биде дозволено безбедно да поминуваат време со пријателите, познаниците и потенцијалните сексуални партнери, се очекува дека конзумирањето порнографски содржини ќе се врати на нивото пред КОВИД-19.





# Мода инспирирана од фетиши

Фетишизмот е поим со долга и комплицирана историја кој опфаќа религиозни, антрополошки, економски и сексуални значења. Во мисионерски записи насловени како Фетишизам и Обожаватели на фетиши се наведува дека се отфрлаат „варварските" религии на „примитивните" луѓе кои обожавале „идоли направени од дрво или глина". Терминот фетиш подоцна беше проширен и не се однесуваше само на предмети со „магична моќ", туку и на сè што претставувало нерационален предмет на обожување.

Карл Маркс славно го смислува терминот „стоковен фетишизам" за да го опише начинот на кој предметите произведени преку човечки труд се стекнале со прекумерна продажна вредност. Сексолозите и психијатрите своевремено го опишуваа фетишизмот како сексуална „перверзија". Денес, фетишизмот обично се карактеризира како варијанта на сексуалност, при што возбудата е поврзана со негенитален дел од телото, како што е косата или некој нежив предмет, како на пример облеката.

## Фетишизам

Експертите воглавном можат да се согласат дека мнозинството сексуални фетишисти се мажи. Психијатарот Роберт Столер тврди: „фетишите припаѓаат на мажите, а не на жените“. Сепак, темата женски фетишизам е интересна за културните теоретичари. Феминистките не се сложуваат со теоријата дека фетишите може да се поврзат исклучиво со машкиот пол.

## Историска перспектива

Чевли со високи потпетици, таканаречени kinky чизми, корсети, долна облека и облека од кожа или гума се едни од најчестите фетиши со облека. Понекогаш се комбинираат и поединечни парчиња облека: на пример, црн кожен корсет може да се носи со чизми со високи потпетици и високи кожни ракавици.

Фетишите се поврзани со посебни сексуални фантазии, или како што вели гореспоменатиот психијатар Столер: „Фетишот е приказна маскирана во предмет“. Во деветнаесеттиот и почетокот на дваесеттиот век, фетиш облека се користела исклучиво во тајни сексуални сценарија - на пример, во бордели или при изготвување на порнографски слики.

## Фетиш облеката во поп културата

Уште од 1970-тите, фетиш облека игра сè поважна улога во модата и популарната култура. Уште во 60-тите години од минатиот век, на телевизиската програма „Одмаздници“ се појави лик, г-ѓа Пил, која носеше црн кожен костум, направен според автентичен фетиш костум. Костумот на г-ѓа Пил беше претходник на костумот и маската од латекс на Мишел Фајфер во филмот Бетмен се враќа.

Г-ѓа Пил во Одмазници





Мишел Фајфер во филмот *Бетмен се враќа*

## Фетиш облеката во субкултурата

Фетишизмот се премести од сексуалното подземје во мејнстрим популарната култура преку супкултурни групи како што се „панкерите“ и „кожарите“. Музичките бендови како панкерската Sex Pistols, ја носеа и истакнуваа фетиш облеката како дел од нивниот „стил на револт“. Модната дизајнерка Вивиен Вествуд, која и самата се декларираше како панкерка, отвори продавница во Лондон наречена Секс, каде продаваше bondage (садо-мазо) панталони, латекс подвезици, корсети и екстремно високи потпетици. Нејзините клиенти воглавно беа вистински фетишисти или пак млади луѓе привлечени од идејата за кршење табуа. Самата Вествуд носеше таканаречена S&M[1] гардероба во раните 70-ти години на минатиот век, не само за приватни прилики или во ноќни клубови, туку и на улица, како начин на субверзија на тогаш прифатените социјални вредности.




СЕКС продавницата на Вивиен Вествуд во Лондон

## Фетиш облека како шик облека

Во 70-тите години на минатиот век започна да се шири сексуалното ослободување, ослободувањето на жените и геј ослободувањето, сите движења кои на некој начин одговараа со појава на фетиш модата. Иако многу феминистки сметаат дека фетиш модата е експлоататорска и мизогинистичка, иконографијата на сексуалниот фетишизам несомнено асоцира на моќна жена. Сликата на доминантна и фатална жена беше особено изразена во работата на Хелмут Њутн, многу влијателен моден фотограф од 1970-тите. Како резултат на неговите контроверзни слики во значајни модни списанија, како што е француското издание на Вог, фетишизмот наеднаш стана „шик“ во модниот свет. Една од неговите модни фотографии од 1977 година беше насловена „Жена или супержена?“ На неа беше прикажана жена облечена во кожен капут од францускиот дизајнер Клод Монтана, а исто така има облечено и чизми за јавање со цел да оддаде слика на доминантна „амазонска“ жена.



Фотографија на Хелмут Њутн

[1] Облека што асоцира на садизам и мазохизам

Жан Пол Готје е уште еден дизајнер кој бил пионер во фетиш модата во 80-тите години на минатиот век. Готје во една прилика изјавил дека, и тоа како дете, корсетите со беж боја на неговата баба го фасцинирале и тој го опишал процесот на врзување на корсетот како ритуален.

Многу од неговите дизајни и за мажи и за жени имале корсети. Веројатно е најпознат по корсетот што го дизајнираше за концертната турнеја Blonde Ambition на Мадона, што во голема мера влијаеше да се започне трендот за носење долна облека како горна облека.



Мадона во беџ корсет на Жан Пол Готје инспириран од долна облека

Можеби дури и повеќе од Готје, Тиери Муглер се фокусираше на корсетите и на материјали како што се латекс и кожа. Еден од неговите скапоцени дизајни беше костим целосно рачно изработен од кожа, вклучувајќи кожен корсет, кој наликуваше на оклоп од инсект. Други дизајни направени од цврсти материјали вклучуваа метални корсети и цели комплети направени од метал и пластика кои целосно го трансформираа човечкото тело и направија вистинска револуција во модата.



Дизајн на Тиери Муглер

Кожата е материјал што најчесто се користи во фетиш модата. Клод Монтана беше меѓу првите кои станаа познати по кожата во модата, а во 90-тите години од минатиот век италијанскиот дизајнер Џани Версаче, предизвика сензација со своите кожни модни парчиња за кои од Њујорк тајмс беше своевремено запрашан „Дали е тоа шик или сурово?“



Донатела и Џани Версаче на Мет Гала во 1992 година



Хелена Кристенсен во bondage креација на Версаче

Дизајнерите како Тиери Муглер и Џон Галијано за Диор, исто така вметнаа и други материјали од втора кожа, како што е латексот, во високата мода. Сите споменати дизајнери се познати и по своите „откачени“ чевли и чизми, кои се најважните додатоци во гардеробата на модата на фетишот. Фетиш чевлите обично имаат исклучително високи потпетици, а понекогаш и високи платформи и ремени за глуждот или врвки што алудираат на ропство. Фетиш чизмите имаат тенденција да бидат или многу високи (до средината на бутот) или со отворено агресивен изглед.



Во издание на:

СТАР

ПРВ КОЛЕКТИВ НА СЕКСУАЛНИ
РАБОТНИЦИ НА БАЛКАНОТ

Поддржано од:

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

Ставовите изнесени во S-Work не нужно ги изразуваат или се во согласност со ставовите на издавачот Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје или на Фондација Отворено општество - Македонија.